... МАКЕДОНИЈА
... VERIUT
... развојни зони
... teknologjike industriale
01-1536/1
28.11.2022 год./viti

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

# УПАТСТВО

## за дополнување на Упатството за утврдување на оправдани инвестициски трошоци и следење на обврските од договорите за доделување на државна помош со бр.01-1195/1 од 18.10.2021 година

Скопје, ноември 2022 година

Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони врз основа на член 20 став 1 алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на РМ" бр.14/207, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) и член 18 став 1 точка 32 од Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на својата сто дваесет и седма редовна седница одржана на ______________ година го донесе следното:

# УПАТСТВО
## за дополнување на Упатството за утврдување на оправдани инвестициски трошоци и следење на обврските од договорите за доделување на државна помош со бр.01-1195/1 од 18.10.2021 година

1. Во Упатството за утврдување на оправдани инвестициски трошоци и следење на обврските од договорите за доделување на државна помош со бр.01-1195/1 од 18.10.2021 година во точката 3, подточка 3.2, дел Земјиште, згради и објекти потребни за инвестицискиот проект по ставот 8 се додава нов став 9 кој гласи:
„Протоколот за прифаќање на оправдани инвестициски трошоци поврзани со градба е Прилог 1 на ова Упатство".

2. Прилогот 1 кој е составен дел на ова Упатсвото гласи:

---

**Прилог 1**

**Протокол за прифаќање на оправдани инвестициски трошоци (поврзани со градба)**

**Општи одредби.**

Овој Протокол за прифаќање се применува во процесот за избор на изведувач/-и и /или добавувач/-и, организиран од корисникот по принципот за градење и стекнување сопственост ('build-to-own').

Со протоколот се обезбедува дека набавките се направени во рамки на отворена постапка за избор и под нормални пазарни услови и цена.

Овој Протокол за прифаќање ги одразува начелата за конкуренција, транспарентност, еднаков третман и недискриминација, пропорционалност, економичност, ефикасност и ефективно користење на јавните средства за државна помош.

Се применуваат посебните услови за оправдани инвестициски трошоци наведени во Упатството за утврдување на оправдани инвестициски трошоци и следење на обврските од договорите за државна помош.

**Активност 1. Политика на транспарентна евиденција (‘Open Book Policy’).**
Корисникот и давателот се согласуваат на политика на транспарентна евиденција на трошоците за градба кои се однесуваат на инвестицијата на корисникот и се предмет на владините мерки за државна помош.

**Активност 2. Основен проект.**
Корисникот на државна помош мора да има основен проект за предметниот проект пред да поднесе барање за владините мерки за државна помош во врска со градбата.

**Активност 3. Почеток на градбата.**
Корисникот на давателот на државна помош, или на трета страна која е ангажирана да делува во име на давателот, ќе му го обезбеди следното:
- Активност 3.1 Корпоративен стандард за усогласеност со принципите за управување со трошоците кој се применува во тендерските постапки за добавувачи;
- Активност 3.2 Проценети трошоци за градба согласно основниот проект;
- Активност 3.3 Список на потенцијални добавувачи со нивните конечни понуди доставени до корисникот на државна помош;
- Активност 3.4 Применети критериуми за избор на добавувач;
- Активност 3.5 Применета проценка и компаративна анализа за избор на добавувач.

*Опционално*
**Активност 4. Преглед за предмер-пресметка пред договор.**
Давателот на државна помош, или трета страна ангажирана да делува во име на давателот, ќе направи проценка на процесот врз основа на доставените документи наведени во Активност 3.

Давателот на државна помош, или трета страна ангажирана да делува во име на давателот, ќе издаде *Преглед на предмер-пресметка* пред договор, за да ги спореди трошоците за градба прифатени од корисникот со нормалната пазарна цена и услови, со цел да му помогне на корисникот преку потврдување во рана фаза на подобноста за аплицирање за владините мерки за државна помош.

Врз основа на Прегледот за предмер-пресметка пред договор, корисникот може ги надополни недостатоците во процесот и повторно да ги достави документите од Активноста 3 до давателот или третата страна ангажирана да делува во име на давателот, за повторно разгледување.

**Активност 4а. Известување за подобност по договор.**
Давателот или трета страна која е ангажирана да делува во име на давателот, по основ на потврдувањето во рана фаза, издава *Известување за подобност* по изборот и назначувањето на изведувач/-и за градба и примопредавањето на проектот. Ова се прави за да се споредат трошоците за градба прифатени од корисникот со нормалната пазарна цена и услови, со цел да му се помогне на

корисникот преку потврдување во рана фаза на подобноста за аплицирање за владините мерки за државна помош.

**Активност 5. Градба**

Во текот на градбата, корисникот има право да бара државна помош со доставување на следните документи до давателот или трета страна која е ангажирана да делува во име на давателот, за потврда на напредокот на градба за завршување на проектот во договорениот термин за примопредавање:

- Одобрение за градење;
- Градежна книга за предметниот проект;
- Градежен дневник за предметниот проект.

**Активност 5а. Измени во тек на градба**

Доколку настанат измени во текот на градбата на основ на потреба и/или согласно барањата на корисникот заради подобрување на условите, а со тоа настанува значително зголемување на трошоците за проектот (повеќе од 10%), корисникот е обврзан да го извести давателот за преземените активности за да осигура подобност за мерките за државна помош, преку доставување на документација која се однесува на таквите измени на основниот проект. На основ на информациите, ќе се применува Активност 4а. Ова не се применува во случај кога корисникот го менува основниот проект за други примени, што не било претходно одобрено од давателот.

**Активност 6. Примопредавање.**

При примопредавање на проектот, во текот на завршување на сите фази за уредување, корисникот треба да му ги достави на давателот или трета страна која е ангажирана да делува во име на давателот, сите потребни документи за да го заврши процесот вклучително, но не ограничувајќи се на следното:

- Одобрение за градење; *(во случај да е обезбедено под Активност 5, нема потреба од повторно доставување)*
- Градежна книга за предметниот проект;
- Градежен дневник за предметниот проект;
- Технички прием.

**Активност 7. Изјава за прифаќање.**

На основ на доставените документи наведени во Активност 6, давателот или трета страна која е ангажирана да делува во име на давателот, ќе изврши потврдување на градежните трошоците во споредба со Прегледот за предмер-пресметка пред/ Известување за подобност по договор определени во Активност 4 и 4а.

Ова е за да се потврди дека било кои промени настанати во текот на градба се во согласност со применливата регулатива на Република Северна Македонија и нема да имаат влијание на корисничкиот период на објектот. Врз основа на

потврдата, давателот или трета страна која е ангажирана да делува во име на давателот ќе му помогне на корисникот преку издавање на *Изјава за прифаќање* во конечна фаза за применетите мерки за државна помош.

**Активност 8. Временска рамка.**
Давателот или трета страна која е ангажирана да делува во име на давателот ќе го изврши процесот на потврда за рана фаза и конечна фаза на подобност во рок од 10 работни дена, соодветно, сметано од денот на достава на сите потребни документи доставени од страна на корисникот.

**Активност 9. Применливо законодавство.**
Во случај на спор, се применуваат законите на Република Северна Македонија.

**Забелешка:** Во случај на процес за назначување и избор на изведувач/-и и/или добавувач/-и, со директна помош на давателот или трета страна која е ангажирана како проектен менаџмент, корисникот има право на автоматско добивање на Изјава за прифаќање за мерките за државна помош согласно потребите на корисникот.

Претседател на Управен одбор
Виктор Андонов